

# ТИТО И РЕВОЛУЦИЈАТА ВО ДЕЛАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ

ДОМ НА ЈНА, СКОПЈЕ
23.V. — 5.VI.1977

Изложбата е компонирана со дела од колекциите на Историскиот музеј на СРМ, Уметничката галерија, Музејот на современата уметност — Скопје и од самите автори

Организатори на изложбата: МСУ и Изложбениот салон при Домот на ЈНА Скопје

Јубилејот — 40 години од доаѓањето на другарот Тито на чело на Партијата — претставува најсветла страница во историјата на југословенските народи. КПЈ и работничката класа под раководството на другарот Тито постигнаа извонредни резултати: од средувањето на состојбата во партиската организација и нејзината стабилизација, преку организирањето и подигањето на Револуцијата против една од најмонструозните идеологии — фашизмот, до конечното ослободување на земјата и создавањето на самоуправно социјалистичко општество, кое со својата доследна борба за мир постигна голем углед во светот.

И денес нашата земја претставува најупорен следбеник на придобивките на Народната револуција, спротиставувајќи се на секаква агресија, бранејќи ги основните нејзини вредности: слободното творештво, независноста, слободата на земјата и човековата личност.

Инспирирани од големото дело на Тито и Народната револуција голем број уметници создадоа повеќе значајни дела. Овие ликовни творби, реализирани во текот на војната или по неа, имаат повеќекратна вредност. Прво, секако уметничка, второ, документарна, бидејќи се забележани миговите на една револуционерна идеја, патилата и страданијата на народот и неговата борба завршена со триумф и трето, настанувајќи во сите краишта на нашата земја тие прераснуваат во белег на обединување во борбата на нашите народи и народности против заедничкиот непријател. Најпосле, тие дела зборуваат и за расположението на самите уметници како луѓе и борци во тие драматични времиња. Тие остануваат како трајни вредности, бидејќи уметникот доживувајќи ја борбата лично или како инспирација, настојувал да опфати некоја општочовечка вистина, нешто што автентично сведочи за човекот и за патиштата на неговото очовечување.

Токму затоа, во борбата за слобода и вистина, Тито и Револуцијата беа и останаа непресушен извор на уметничката инспирација.

Македонските уметници, ориентирани кон оваа тема, создадоа дела што претставуваат значаен дел од нивниот целокупен ликовен опус. Тие се максимално ангажирани и носат во себе искрен и непосреден приод кон мотивот.

На изложбава што се организира во чест на Титовите јубилеи, се презентирани 27 дела од 19 македонски ликовни уметници, што се сопственост на разни институции во земјата. Се надеваме дека таа ќе овозможи согледување на дел од ликовната продукција во Македонија инспирирана од легендарниот лик на Тито и Револуцијата.

**Драгољуб Богоевиќ**

## К А Т А Л О Г

### С л и к а р с т в о

Родољуб АНАСТАСОВ

Роден 1935 во Скопје. Живее и работи во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности 1962 во Белград.
1. КОЛОНА, масло на платно, 128 x 160, 1971
2. 27 МАРТ, масло на платно, 1976

Томо ВЛАДИМИРСКИ

Роден 1904 во Скопје, Умрел 1971 во Скопје.
Завршил Уметничка школа и Академски курс 1935 во Белград.
3. ФЕВРУАРСКИ ПОХОД, масло на платно, 98 x 75, 1953

Ванчо ЃОРЃИЕВ

Роден 1924 во Скопје. Живее и работи во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности 1952 во Белград.
4. ПАРТИЗАН СО ДЕТЕ, масло на платно, 97 x 100, 1970

Димитар КОНДОВСКИ

Роден 1927 во Прилеп. Живее и работи во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности 1952 во Белград.
5. ПОРТРЕТ НА ТИТО, темпера на картон, 27 x 33, 1970

Вангел КОЏОМАН

Роден 1904 во Струга. Живее и работи во Скопје.
Завршил Академски курс на Уметничката школа 1930 во Белград.
6. ЈОСИП БРОЗ ТИТО, масло на платно, 118 x 87, 1960/70

Лазар ЛИЧЕНОСКИ

Роден 1901 во Галичник. Умрел 1964 во Скопје.
Завршил Академски курс на Уметничката школа 1927 во Белград.
7. ПОРТРЕТ НА ТИТО, масло на платно
8. ДИПТИХ 1941—1944, масло на платно, 100 x 80

Танас ЛУЛОВСКИ

Роден 1940 во с. Желево (Леринско). Живее и работи во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности 1967 во Букурешт.
9. ЗАЕДНИЧКИ ГРОБНИЦА, масло на платно, 152 x 90, 1971

Никола МАРТИНОСКИ

Роден 1903 во Крушево. Умрел 1973 во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности 1927 во Букурешт.
10. ПОХОД, масло на платно, 59 x 123, 1963

Радмило ПОПОВСКИ

Роден 1921 во Солун. Живее и работи во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности 1953 во Љубљана.
11. ПАРТИЗАНСКИ ЈУРИШ, цртеж со молив, 69 x 99, 1960

Васко ТАШКОВСКИ

Роден 1931 во с. Нижеполе (Битолско). Живее и работи во Скопје.
12. СО ВЕКОВИ ОКОВАНА ВО ПРАНГИ, масло на платно 199 x 129,5, 1969
13. ТРАГИТЕ НА НАЦИЗМОТ, масло на платно, 60 x 40, 1971

Томо ШИЈАК

Роден 1930 во Скопје. Живее и работи во Скопје.
Студирал на Академијата за ликовни уметности во Љубљана.
14. ЈОСИП БРОЗ ТИТО, масло на платно, 98 x 78, 1957

Скулптура

Насо БЕЌАРОВСКИ

Роден 1938 во с. Желево (Леринско). Живее и работи во Скопје
Завршил Академија за ликовни уметности 1963 во Белград.
1. МАКЕДОНСКО ДЕНОНОЌИЕ, метал и дрво, 79 x 89 x 28, 1969

Васко ВАСИЛЕВ

Роден 1938 во Скопје. Живее и работи во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности 1963 во Белград.
2. ПОВИК, дрво, 150 x 150, 1969

Јордан ГРАБУЛ

Роден 1925 во Прилеп. Живее и работи во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности 1952 во Белград.
3. ПОРТРЕТ НА ТИТО, гипс, 42 x 30 x 35, 1951
4. ПОВИК НА ВОСТАНИЕ, бронза, 47,5 x 35 x 12

Боро КРСТЕВСКИ

Роден 1931 во Скопје. Живее и работи во Скопје.
Завршил Училиште за применета уметност во Загреб 1952
5. ПАРТИЗАНИ, бронза, 87 x 46 x 32

Боро МИТРИЌЕСКИ

Роден 1927 во Прилеп. Живее и работи во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности 1954 во Загреб.
6. ПОРТРЕТ НА ТИТО, мермер, 47 x 45 x 30, 1974

Драган ПОПОСКИ — ДАДА

Роден 1933 во Прилеп. Живее и работи во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности 1964 во Белград.
7. БИСТА НА ТИТО, патиниран гипс, 80 x 70 x 35, 1977

Рашко МУРАТОВСКИ

Роден 1924 во Галичник. Живее и работи во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности 1954 во Загреб.
8. СКИЦА НА ТИТО, гипс, 1960



Лазар Личеноски — Портрет на Тито



Боро Митриќески — Портрет на Тито



Јордан Грабулоски — Портрет на Тито



Родољуб Анастасов — Колона



**Радмило Поповски — Партизански јуриш**



Никола Мартиноски — Поход



Томо Владимирски — Февруарски поход



Танас Луловски — Заедничка гробница

Издавач: Музеј на современата уметност — Скопје
Одговорен уредник: Соња Абаџиева — Димитрова
Предговор и подготовка на каталогот:
Драгољуб Богоевиќ
Ликовно обликување: Бранко Томовски
Печатница: ,,Киро Д. Дандаро'' — Битола
Тираж: 600